# ОПШТИНА ШТИП

## ЗАПИСНИК
## ЗА ИЗВРШЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

ИПІбр.23/25-423

Датум 1.10.2025 год.

### 1) Податоци за субјектот на инспекциски надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | [redacted] | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. [redacted] [redacted] Штип | |
| Адреса за е-пошта | | |
| Телефон | [redacted] | |
| Матичен број на субјектот | [redacted] | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| | | |
| | | |

### 2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. **ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | ---------------год.<br>Во ----------часот | 26.9.2025 година<br>во 10:50 часот | ______ 20___<br>во ______ часот |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | ---------------<br>год._<br>во ______часот | 1.10.2025 година<br>во 14:30 часот | ______ 20___<br>во ______ часот |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши инспекцискиот надзор | Јавна површина сообраќајница - Булевар Гоце Делчев (дел од планирано проширување на сообраќајница согласно ДУП) на КП 1044 од КО Штип 1. | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | / | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Јавна површина сообраќајница - Булевар Гоце Делчев (дел од планирано проширување на сообраќајница согласно ДУП) на КП 1044 од КО Штип 1. | | |

### 3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

**ОПШТИНА ШТИП**

1. Месечен план за работа на инспекциската служба ____________.
2. **Налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр.09-6609/1 од 26.9.2025 година,**
3. Налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. __________, од 20____ година,
4. Записник/решение за извршен инспекциски надзор број______, од _____ 20__година

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од:**
Лазар Хаџи-Николов, Општински комунален инспектор на Општина Штип

5) **Предмет на инспекцискиот надзор:**

- Вонреден инспекциски надзор по налог од градоначалник бр.09-6609/1 од 26.9.2025 година, а в.в. со барање Рег. бр[redacted] од 26.9.2025 година на Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност , СВР Штип, ОКП со цел да се изврши контрола во рамките на надлежностите за кои како јавен орган општинскиот комунален инспектор има изворна надлежност.

По остварување на координативен состанок во службените простории на Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, СВР Штип, ОКП со службени лица од МВР и инспектори од Државен пазарен инспекторат, Државен инспекторат за труд, инспектор за заштита и спасување при Дирекција за заштита и спасување, од страна на овластено службено лице од МВР за координација на активноста – Даниел Илијев началник на ООК се укажа дека постојат индиции за неправилности при работењето кај лице кое врши дејност откуп и продажба на ствари на локација на КП 1044 КО Штип 1, а од имотен лист за истата КП која го обезбедил јавниот орган МВР, а беше даден на увид при координативниот состанок се утврди дека сопственик на предметната парцела е Република Македонија.

- Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на одредбите на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019, 272/2024 и 22/2025), член 26 став 2 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021, 255/2024 и 101/2025), член 60 став 2 точка 1 и точка 2 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/2021) и се изврши инспектирање на примената на член 14 став 1 алинеја 1 и алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021, 255/2024 и 101/2025) и член 8 став 1 точка 2 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/2021).

6) **Во извршувањето на инспекцискиот надзор:**

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадаени во прилог и се составен дел на овој записник

| |
|---|
| / |

2. **Не се употребени листи за проверка**

| |
|---|
| При надзорот не се употребени листи на проверка затоа што инспекцискиот надзор е вонреден. |

7) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] | | |
| | | |

**8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:**

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | Мики Минов | Дежавен пазарен инспектор |
| 2. | Маја Цветановска Андонов | Државен инспектор на труд |
| 3. | Љупче Јанев | Државен инспектор на труд |
| 4. | Даниел Илијев | Началник на ООК, СВР, МВР- Штип |
| 5. | Влатко Панов | Општински инспектор за животна средина при Општина Штип |

**9)** Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни/ја правата и обврските на субјектот на надзор и се легитимираше со службена легитимација и значка.

**10)** Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

При извршен увид на самото место на КП 1044 од КО Штип 1 (податок кој се утврди со увид на самото место во информациски систем https://e-uslugi.katastar.gov.mk/imotenList) се пристапи на предметната локација која е оградена од останатата јавна површина со ограда на која е поставена и метална порта на лизгање и се констатираше дека на самото место се оставени отпадни гуми, амбалажа од поликолор и други производи, како и други подвижни предмети (кади, перални, шпорети, буриња, челични мрежи, гајби, туби, делови од мебел и апарати за домаќинство, метални шипки, арматура, лимови и повеќе метални делови од различни предмети, како и други подвижни предмети).

На самото место постои смостоен објект со катност приземје со површина која од слободна процена е помала од 10 м² изграден од керамика блок, нефасадиран, со лимен кровен покривач на предната страна со прозор со мал отвор налик на шалтер над кој со боја е испишан текст „VAГА“.

При увидот на самото место се затекнати повеќе физички лица од кои едно лице изјави дека врши откуп, продажба и складирање/оставање на погоренаведените подвижни предмети, амбалажи и гуми.

Од страна на полициски службеници извршено е легитимирање на лицето кое изјави дека ги врши погоренаведените дејствија и се утврди дека ова физичко лице е со лични податоци: [redacted] со ЕМБГ [redacted]3, со лична карта бр.[redacted]2 издадена од МВР Штип и со адреса на живеење ул. [redacted] Штип.

На прашање на државните инспектори на трудот, субјектот на надзор [redacted] даде изјава дека на оваа локација врши откуп и продажба на железо и други стари предмети, а за потребите на оваа дејност во минатото имале регистрирано и фирма со назив [redacted] која фирма повеќе не постои.

Во координација со другите присутни инспектори од другите инспекциски служби, во смисла на член 77 став 2 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019, 272/2024 и 22/2025) инспекторите се искоординираа дека постапка за утврдените неправилности согласно Законот за нерегистрирана дејност и Законот за трговија ќе ја продолжи присутниот државен пазарен инспектор.

При надзорот на увид на инспекторите, од страна на овластените службени лица на МВР беа презентирани следниве докази:

- Електронски издаден документ со наслов „ИЗБРИШАН СУБЈЕКТ – состојба на субјект пред бришењето“ со број 0805-50/150020250329042 од 4.9.2025 година 10:58 издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија од кој се утврди дека субјектот [redacted] ШТИП на ден 19.2.2021 година е избришан од Централен регистар.
- Електронски издаден документ со наслов „Информација за сопственик/орган на управување/овластено лице на подружница со бр.0816-50/150020250329031 од 4.9.2025 година издаден од страна на Централен регистар на Република Северна Македонија од чија содржина се утврди дека субјектот со назив Друштво за производство, услуги и промет [redacted] со ЕМБС [redacted]е со статус на субјект „избришан“.

Дејствието увид на самото место заврши на 26.9.2025 година во 12:20 часот, но инспекцискиот надзор ќе продолжи преку други управни/инспекциски дејствија во деловните простории на јавниот орган – Општина Штип, преку увид во податоци, управни и реални акти со кој располага овој јавен орган или друг замолен јавен орган.

На ден 29.9.2025 година од страна на комуналниот инспектор, преку е-кат шалтер на Општина Штип, за потребите на постапката се прибави имотен лист бр.672 за КО Штип 1 за КП 1044 за КО Штип 1 заведен со деловоден број 1105-13793/2005 од 29.9.2025 година од чија содржина се утврди дека носител на правото на сопственост на предметната катастарска парцела е Република Македонија.

На ден 29.9.2025 година општинскиот комунален инспектор, со цел да се утврди планираната намена на КП 1044 за КО Штип 1, до Одделението за урбанизам при Општина Штип поднесе барање за извод од урбанистичко планска документација за предметната катастарска парцела.

На ден 1.10.2025 година до општинскиот комунален инспектор од страна на Одделението за урбанизам при Општина Штип се достави Извод од ДУП за населба Железничка со бр.18-6635/2 од 29.9.2025 година.

При увид во Извод од ДУП за населба Железничка со бр.18-6635/2 од 29.9.2025 година се констатираше дека КП 1044 и КП 1048 и двете од КО Штип 1 се со намена „Булевар „Гоце Делчев и дел од „Бетон“ ““.

Согласно член 5 став 1 точка 5 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021 и 255/2024) предвидено е дека:

„Јавни површини и отворени простори на јавни објекти“ се **улици, тротоари**, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, гранични премини, аеродроми, железнички, автобуски, бензински и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, зоолошки градини, градски гробишта, сајмишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти (стадиони, хиподроми, стрелишта), јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти;

Согласно наведеното се констатира дека од страна на субјектот на надзор [redacted] на јавна површина планирана со намена улица - Булевар „Гоце Делчев согласно акт за планирање ДУП за населба Железничка донесен со Одлука бр.0701-637/1 од 3.8.2000 година која претставува КП 1044 од КО Штип 1, спротивно на одредбите од член 14 став 1 алинеја 1 и алинеја 11 се поставени амбалажи од поликолор и други производи, како и други подвижни предмети (кади, перални, шпорети, буриња, челични мрежи, гајби, туби,

делови од мебел и апарати за домаќинство, метални шипки, арматура, лимови и повеќе метални делови од најразлични предмети, како и други подвижни предмети).

Од страна на субјектот на надзор [redacted] на истата јавна површина спротивно на одредбата од член 8 став 1 точка 2 од Законот за управување со други текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/2021) се оставени отпадни гуми.

Поради обемот, сложеноста, природата и околностите на инспекцискиот надзор не беше можно да се состави Записник на самото место, поради што истиот е составен во службените простории на Општина Штип и ќе се достави на субјектот на надзор во пропишаниот рок од член 82 став 3 од Закон за инспекциски надзор.

- Врз основа на која (да се заокружи само едно):

| |
|---|
| **1.** не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;<br>/ |
| **1. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:**<br><br>Од страна на субјектот на надзор [redacted] на јавна површина планирана со намена улица - Булевар „Гоце Делчев согласно акт за планирање ДУП за населба Железничка донесен со Одлука бр.0701-637/1 од 3.8.2000 година која претставува КП 1044 од КО Штип 1, спротивно на одредбите од член 14 став 1 алинеја 1 и алинеја 11 се поставени амбалажи од поликолор и други производи, како и други подвижни предмети (кади, перални, шпорети, буриња, челични мрежи, гајби, туби, делови од мебел и апарати за домаќинство, метални шипки, арматура, лимови и повеќе метални делови од најразлични предмети, како и други подвижни предмети).<br>Од страна на субјектот на надзор [redacted] на истата јавна површина спротивно на одредбата од член 8 став 1 точка 2 од Законот за управување со други текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/2021) се оставени отпадни гуми.<br>Со ова, субјектот на надзор сторил повреда на одредбата од член 14 став 1 алинеја 1 и алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021 и 255/2024) и повреда на забраната предвидена со член 8 став 1 точка 2 од Законот за управување со други текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.216/2021). |
| |
| Врз основа на горенаведеното општинскиот комунален инспектор со Решение во смисла на член 83 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/2019, 272/2024 и 22/2025) ќе изрече инспекциска мерка – опомена и ќе определи рок во кој субјектот на инспекциски надзор ќе биде должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записникот.<br>Од причина што при увидот се утврди дека планираната јавна површина која претставува КП 1044 од КО Штип 1 е оградена со ограда и на истиот има објект/шалтер со натпис („VAГА“), со цел да се утврди дали постојат неправилности при изградбата/поставувањето на истите за оваа околност општинскиот комунален инспектор ќе достави писмено известување до Општински градежен инспектор. |
| |

*Општина Штип ул.„Васил Главинов“ бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Општински комунален инспектор Тел: (032) 22 66 39 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: lazar.hadzi_nikolov@stip.gov.mk*

# ОПШТИНА ШТИП

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзор:

/

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор | | Печат и потпис на инспекторот | Лазар Хаџи-Николов<br>Службена легитимација бр.33-0011 |
| Датум: | | Датум: | 1.10.2025 година |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

*Општина Штип ул.„Васил Главинов“ бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Општински комунален инспектор Тел: (032) 22 66 39 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: lazar.hadzi_nikolov@stip.gov.mk*

**ОПШТИНА ШТИП**
**СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ**

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

Одделението за друг вид на надзор од надлежност на општината, преку Лазар Хаџи-Николов – општински комунален инспектор на Општина Штип со службена легитимација број 33-0011 изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор [redacted] со адреса на живеење ул.[redacted] Штип и со Записник број ИП1бр.23/25-423 од 1.10.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 83 став 1 алинеја 1 и алинеја 11 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019, 272/2024 и 22/2025), а в.в. со член 27 став 2 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 255/2024), и врз основа на член 8 став 1 точка 2 од Законот за управување со други текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/2021), а в.в. со член 60 став 2 точка 1 и член 61 став 2 точка 1 од Законот за управување со други текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/2021), го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** [redacted] со адреса на живеење [redacted] од Штип, да преземе мерки, дејствија и активности за отстранување на констатираните недостатоци – оставените амбалажи од поликолор и други производи, како и други подвижни предмети (кади, перални, шпорети, буриња, челични мрежи, гајби, туби, делови од мебел и апарати за домаќинство, метални шипки, арматура, лимови и повеќе метални делови од најразлични предмети, како и други подвижни предмети) и поставените други подвижни предмети да ги отстрани од јавната површина која претставува дел од КП 1044 од КО Штип 1.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** [redacted] со адреса на живеење [redacted] од Штип отпадните гуми и да ги отстрани од јавната површина која претставува дел од КП 1044 од КО Штип 1 и истите да ги собира и чува одвоено од мешан комунален отпад или друг вид отпад и да ги предаде на трговец, на собирач на отпадни производи или во друго место за преземање и собирање определено на локално, односно регионално ниво, а отпадните гуми до 200 килограми/годишно може да ги предаде бесплатно во собирен центар како одделно собрани фракции на комунален отпад.

3. Рокот за извршување на изречената инспекциските мерки од точките 1 и 2 на ова решение изнесува 45 (четериесет и пет) дена од денот на приемот на ова решение.

*Општина Штип ул.„Васил Главинов" бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – Виш инспектор,*
*Општински комунален инспектор Тел: (032) 22 66 40 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: lazar.hadzi_nikolov@stip.gov.mk*

4. Субјетот на инспекциски надзор од точките 1 и 2 на ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршувањето на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или електронски по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## Образложение

Одделението за друг вид на надзор од надлежност на општината, преку Лазар Хаџи-Николов – општински комунален инспектор на Општина Штип со службена легитимација број 33-0011 изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор [redacted] со адреса на живеење ул. [redacted] Штип и состави Записник за извршен инспекциски надзор број ИП 1бр.23/25-423 од 1.10.2025 година во кој е констатирано дека субјектот на надзор не се придржува кон законските одредби предвидени согласно Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр.111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 255/2024) и од Законот за управување со други текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/2021).

Од страна на субјектот на надзор [redacted] на јавна површина планирана со намена улица - Булевар „Гоце Делчев согласно акт за планирање ДУП за населба Железничка донесен со Одлука бр.0701-637/1 од 3.8.2000 година која претставува КП 1044 од КО Штип 1, спротивно на одредбите од член 14 став 1 алинеја 1 и алинеја 11 се поставени амбалажи од поликолор и други производи, како и други подвижни предмети (кади, перални, шпорети, буриња, челични мрежи, гајби, туби, делови од мебел и апарати за домаќинство, метални шипки, арматура, лимови и повеќе метални делови од најразлични предмети, како и други подвижни предмети).

Од страна на субјектот на надзор [redacted] на истата јавна површина спротивно на одредбата од член 8 став 1 точка 2 од Законот за управување со други текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/2021) се оставени отпадни гуми.

Со ова, субјектот на надзор сторил повреда на одредбата од член 14 став 1 алинеја 1 и алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 255/2024) и повреда на забраната предвидена со член 8 став 1 точка 2 од Законот за управување со други текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/2021).

*Општина Штип ул.„Васил Главинов" бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – Виш инспектор,*
*Општински комунален инспектор Тел: (032) 22 66 40 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: lazar.hadzi_nikolov@stip.gov.mk*

Согласно член 27 став 2 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 255/2024) е предвидено дека

Ако при вршењето на инспекцискиот надзор општинскиот комунален инспектор, комуналниот инспектор на општините во градот Скопје, односно комуналниот инспектор на градот Скопје и државниот комунален инспектор утврди недостатоци согласно со членот 26 од овој закон со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

Член 62 став 2 од Законот за управување со други текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/2021) е предвидено дека

Во вршењето на надзорот од својот делокруг комуналните инспектори на општините, општините на градот Скопје и градот Скопје со решение:
1) ќе го задолжи субјектот на надзорот да постапува со отпадни гуми да ги предава на начин согласно со барањата од овој закон (член 8 точка 2) од овој закон);
2) ќе го задолжи крајниот корисник, да постапува со отпадните гуми согласно со барањата од членот 53 ставови (1) и (2) од овој закон;
3) ќе го задолжи крајниот корисник да постапуваат со отпаден текстил согласно со барањата од членот 53 став (4) од овој закон.

Поради обемот, сложеноста, природата и околностите на инспекцискиот надзор не беше можно да се состави Записник на самото место, поради што Записникот ИП1бр.23/25-423 од 1.10.2025 година е составен во службените простории на Општина Штип и се достави на субјектот на надзор во пропишаниот рок од 3 дена по извршениот инспекциски надзор (со употребени инспекциски дејствија увид на само место, обезбедување докази – извод од ДУП и имотен лист) во смисла на член 82 став 3 од Закон за инспекциски надзор.

Примерок од Записник за извршен инспекциски надзор број ИП1бр.23/25-423 од 1.10.2025 година му беше испратен на субјектот на надзор препорачано по пошта на адреса која при легитимирање од страна на униформиран полициски службеник на самото место од лична карта на субјектот на надзор [redacted] беше констатирана како адреса на живеење – [redacted] [redacted] Штип, но истата препорачана пошта се врати кај овој јавен орган со назнака од пошта „не барал" и со назнака за два направени обиди и тоа: I -3.10.2025 година и II – известие 8.10.2025.

Со ова дејствие се смета дека од страна на овој јавен орган е преземено дејствије во насока на исполнување на битието на начелото на сослушување на субјектот на инспекциски надзор предвидено согласно член 10 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019, 272/2024 и 22/2025) и се исполнети условите за преземање на

инспекциски мерки за отстранување на неправилностите и недостатоците утврдени кај субјектот на инспекциски надзор.

Во насока на остварување на начелото на заштита на јавниот интерес предвиден со членот 6 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019, 272/2024 и 22/2025) и врз основа на се погоре изнесено, по така утврдената фактичка состојба од Записникот ИП1бр.23/25-423 од 1.10.2025 година се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Жалбата се поднесува во три истоветни примероци со доказ за платена административна такса во износ од 250,00 денари.

***Решено во Општина Штип под број ИП1бр.23/25-423 од 27.10.2025 година.***

*Доставено до: - Архива*
*- Странката*

**ОПШТИНА ШТИП**
**ОПШТИНСКИ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР**
**Лазар Хаџи-Николов**
**службена легитимација бр.33-0011**

М.П.

***Општина Штип ул.„Васил Главинов" бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија***
***Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – Виш инспектор,***
***Општински комунален инспектор Тел: (032) 22 66 40 Факс: (032) 22 66 01***
***Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: lazar.hadzi_nikolov@stip.gov.mk***

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

## ЗАПИСНИК
## ЗА ИЗВРШЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

ИПІбр.23/25-423

Датум 29.12.2025 год.

1) **Податоци за субјектот на инспекциски надзор**

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | [redacted] |
| Седиште/адреса на субјектот | [redacted] Штип |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | [redacted] |
| Матичен број на субјектот | [redacted] |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | |

| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| | | |
| | | |

2) **Податоци за инспекцискиот надзор**

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. **КОНТРОЛЕН** |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | ---------------год.<br>Во ----------часот | / | 29.12.2025 година<br>Во 13:00 часот |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | ----------------<br>год.<br>во ----------часот | / | 29.12.2025 година<br>во 13:20 часот |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши инспекцискиот надзор | Јавна површина сообраќајница - Булевар Гоце Делчев (дел од планирано проширување на сообраќајница согласно ДУП) на КП 1044 од КО Штип 1. | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | / | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Јавна површина сообраќајница - Булевар Гоце Делчев (дел од планирано проширување на сообраќајница согласно ДУП) на КП 1044 од КО Штип 1. | | |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

*Општина Штип ул.„Васил Главинов“ бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Општински комунален инспектор Тел: (032) 22 66 39 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: lazar.hadzi_nikolov@stip.gov.mk*

1. Месечен план за работа на инспекциската служба _____________.
2. Налог издаден од раководителот на инспекциската служба, бр.09-6609/1 од 26.9.2025 година,
3. Налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. _________, од 20____ година,
4. **Записник ИП1бр.23/25-423 од 1.10.2025 година /решение за извршен инспекциски надзор број ИП1бр.23/25-423 од 27.10.2025 година**

**4) <u>Инспекцискиот надзор е извршен од:</u>**

Лазар Хаџи-Николов, Општински комунален инспектор на Општина Штип

**5) <u>Предмет на инспекцискиот надзор:</u>**

- Контролен исnпекциски надзор со цел да се провери дали е постапено по опомената и задолжувањето од Решението ИП1бр.23/25-423 од 27.10.2025 година и дали се отстранети констатираните недостатоци согласно Записникот ИП1бр.23/25-423 од 1.10.2025 година.
- Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на одредбите на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/2019, 272/2024 и 22/2025), член 26 став 2 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021, 255/2024 и 101/2025), член 60 став 2 точка 1 и точка 2 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/2021) и се изврши инспектирање на примената на член 14 став 1 алинеја 1 и алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021, 255/2024 и 101/2025) и член 8 став 1 точка 2 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/2021).

**6) <u>Во извршувањето на инспекцискиот надзор:</u>**

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадаени во прилог и се составен дел на овој записник

/

**2. Не се употребени листи за проверка**

При надзорот не се употребени листи на проверка затоа што инспекцискиот надзор е вонреден.

**7) <u>За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:</u>**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] | | |
| | | |

**8) <u>За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:</u>**

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | Весна Зенделова | Општински градежен инспектор |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни/ја правата и обврските на субјектот на надзор и се легитимираше со службена легитимација и значка.

